**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-71

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 19 и член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен Весник на Република Македонија„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по Известувањето за концентрација поднесено од **Еквинор Рифајнинг Норвеј АС** (Equinor Refining Norway AS), со седиште на адреса 5954 Монгстад, 1263 Линдас, Норвешка, доставено преку адвокат Јасмина Илиева Јовановиќ, од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, на седница одржана на ден 16.10.2018 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Се утврдува дека концентрацијата со која **Еквинор Рифајнинг Норвеј АС** (Equinor Refining Norway AS) (со претходен назив Statoil AS), со седиште на адреса 5954 Монгстад, 1263 Линдас, Норвешка, ќе стекне директна единствена контрола над **Данске Комодитис А/С** (Danske Commodities A/S), со седиште на адреса Ваеркместергаде 3, 8000 Аархус Ц, Данска, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.07.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **Еквинор Рифајнинг Норвеј АС**, со седиште на адреса 5954 Монгстад, 1263 Линдас, Норвешка, ќе стекне директна единствена контрола над **Данске Комодитис А/С**, со седиште на адреса Ваеркместергаде 3, 8000 Аархус Ц, Данска.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Комисијата започна со испитување на Известувањето за концентрацијата со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите го утврди следното:

**Еквинор Рифајнинг Норвеј АС** е зависно друштво крајно управувано од Еквинор АСА (Equinor ASA), компанија која котира на берзата во Осло и Њујоршката берза и е единствено контролирана од Владата на Норвешка и дел од корпоративната групација на компании на Еквинор „**Еквинор Групација**“.

**Еквринор Групацијата** потекнува од Норвешка, со активности во повеќе од 30 држави, вклучувајќи во државите во Северна и Јужна Америка, Африка, Азија, Европа и Океанија. Во светски рамки, Еквинор Групацијата е активна во следните сектори: (i) пронаоѓање на сирова нафта и природен гас; (ii) развој и производство на сирова нафта и природен гас; (iii) маркетинг и обработка на сирова нафта и природен гас; и (iv) обновлива енергија, особено крајбрежен ветер.

Еквинор нема регистрирано корпоративно или присуство на пазарот во Македонија.

**Данске Комодитис А/С** е данска независна трговска компанија, која се специјализира во физичка и финансиска трговија со електрична енергија и производи од гас. Данске Комодитис ги поврзува производителите, добавувачите и потрошувачите ширум Европските либерализирани пазари. Покрај тоа, Данске Комодитис е активна во настанување и обезбедува балансирање, оптимизација, хеџинг, сертификати и резервна испорака до струјните генератори, индустриски компании, добавувачи и нет-оператори.

Данске Комодитис има едно регистрирано зависно друштво во Македонија – **Данске Комодитис ДООЕЛ Скопје**, со седиште бул. 8ми Септември бр. 16/кат 2, 1000 Скопје кој е активен во трговија со физичка електрична енергија со други трговци и добавувачи на електрична енергија и добавувачи на либерализиран пазар на електрична енергија во Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став(1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk


Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**